РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1697/3
18-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21 – та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Предметот заведен под број 09-2173/1 од 14.08.2024 година против службеното лице ------, претседател на Советот за ---------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи и по повторна проверка и надминување на констатираната состојба, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Министерството за финансии до ДКСК е доставена на надлежно постапување пријава поднесена од страна на непознат подносител, на ден 14.08.2025 година, заведенасо бр. 09-2173/1, со наводи за состојба на судир на интереси кај лицето ------, од причини што како претседател на Советот за -----, истовремено е сопственик и управител на Друштвото за -------, кое има добиено одобрение за спроведување на обука за континуирано професионално усовршување.
Имајќи ја во предвид таквата состојба, ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, за што на 88 – та седница одржана на 16.06.2023 година донесена е Одлука со бр. 09-189/15 од 19.06.2023 година.

На истата седница е одлучено и до Владата на РСМ да се достави укажување за потребата да изврши проценка на ризикот од појава на судир на интереси и спречување на влијанието на приватниот интерес кај службеното лице ------ при извршувањето на неговите јавни овластувања и службени должности како именувано лице - претседател на Советот за ---, по што Владата на РСМ да ја разгледаат можноста од преземање на мерки за надминување на ваквата состојба.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По доставување на новата пријава со бр. 09-2173/1 од 14.08.2024 година со исти наводи, ДКСК пристапи кон повторна проверка на фактичката состојба при што утврди дека истата не е променета, односно лицето ------ сѐ уште ја извршува функцијата претседател на Советот за ------- и сѐ уште е сопственик и управител на Друштвото за ---------.
Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија повторно го достави Укажувањето со бр. 09-189/16 од 19.06.2023 година до Владата на РСМ и побара во најкус можен рок произнесување од страна на Владата на РСМ по истото бидејќи претходно не беше доставен повратен одговор дали Владата на РСМ преземала некакви активности за надминување на констатираната состојба во оваа ситуација.

Од Владата на РСМ е доставена информација дека предметот со сите списи се испратени на понатамошно разгледување и постапување до Министерството за финансии, со цел постапување по член 6 од Законот за вршење на сметководствените работи.
Со допис бр. 13-4881/2 од 30.06.2025 година, Министерството за финансии достави известување дека, Министерството постапувајќи по одредбите од член 6 став 1 точка 1 од Законот за вршење на сметководствени работи подготвило информација за донесување на Решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Советот кое е доставено до Владата на РСМ, а во меѓувреме, Владата на РСМ на седницата одржана на 11.03.2025 година донела Решение бр.18-2973/1 од 11.03.2025 година со кое лицето ------- е разрешен од функцијата претседател на Совет за ---------.

Со тоа е исцрпено постапувањето на ДКСК во овој предмет, односно надмината е состојбата на потенцијален судир на интереси и ДКСК нема елементи за натамошно постапување, поради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З – раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk